РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr. 12-3619/2

04-04-2023 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 84-та седница одржана на 30.03.2023 година ја донесе следната

О Д Л У К А

Пријавата заведена под број 12-3619/1 од 29.09.2021 година, за ангажирање на механизација од страна на Општина --------, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за надлежно постапување.

Предметот со број 12-3619/1 од 29.09.2021 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 29.09.2021 година, поднесена е пријава за ангажирање на механизација од страна на Општина ---------- и оформен е предмет број 12-3619/1 од 29.09.2021 година.

Во пријавата се наведува дека од страна на општината се ангажира механизација иако ја поседува истата по најразлични основи. Во продолжение се дава пример дека правното лице ---------- за истиот сопственик на друга фирма има направено претходниот градоначалник набавка на багер за делови во вредност од 30 илјади евра, а се наведува дека историјата се повторува и се бара од ДКСК да испита.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека не се содржани конкретни наводи или незаконитости кои упатуваат на злоупотреба на службената положба или овластување од страна на службени лица, по што оцени дека нема елементи за надлежно постапување.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:
- подносителот на пријавата

Изготвил: Б.К.Ш.
Одобрил: Н.Б., Член на ДКСК

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Заменик Претседател
Катица Николовска

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk